# Службен гласник
## на Општина Штип

Службен гласник
на Општина Штип
Излегува по потреба

Број 8
4 јули 2025 година

Година LXII

## С О Д Р Ж И Н А

| Р. бр. | | страна |
|---|---|---|
| 521. | Решение за објавување на Одлука за купување на 51% акции во друштвото за спортски дејности Фудбалски клуб „Брегалница 2008“ АД-Штип. | 671 |
| 522. | Одлука за купување на 51% акции во друштвото за спортски дејности Фудбалски клуб „Брегалница 2008“ АД-Штип. | 671 |
| 523. | Решение за објавување на Одлука за отпочнување постапка за продажба на Дел од акциите во сопственост на општина Штип во друштвото за спортски дејности Фудбалски клуб „Брегалница 2008“ АД-Штип. | 672 |

| | | |
|---|---|---|
| 524. | Одлука за отпочнување постапка за продажба на Дел од акциите во сопственост на општина Штип во друштвото за спортски дејности Фудбалски клуб „Брегалница 2008“ АД-Штип. | 673 |
| 525. | Решение за објавување Одлука за продажба на дел од акциите во сопственост на Општина Штип во друштвото за спортски дејности фудбалски клуб „Брегалница 2008“ АД-Штип. | 677 |
| 526. | Одлука за продажба на дел од акциите во сопственост на Општина Штип во друштвото за спортски дејности фудбалски клуб „Брегалница 2008“ АД-Штип. | 677 |

521.

Врз основа на член 50 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ број 05/02) и член 37 став 1 од Статутот на Општина Штип („Службен гласник на Општина Штип“ број 01/03, 18/07, 11/08, 07/09, 16/09, 04/11, 13/14 и 5/21), донесувам

Р Е Ш Е Н И Е
ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА ОДЛУКА ЗА КУПУВАЊЕ НА 51% АКЦИИ
ВО ДРУШТВОТО ЗА СПОРТСКИ ДЕЈНОСТИ ФУДБАЛСКИ КЛУБ
„БРЕГАЛНИЦА 2008“ АД-ШТИП

I

Се објавува Одлука за купување на 51% акции во друштвото за спортски дејности Фудбалски клуб „Брегалница 2008“ АД-Штип.

II

Ова Решение влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Штип“.

| | |
|---|---|
| Број 09- 5011/2 | Општина Штип |
| 04 јули 2025 година | Градоначалник |
| Ш т и п | Иван Јорданов, с.р. |

522.

Врз основа на член 36 став 1 точка 10, а во врска со член 64 и 66 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ број 05/02), член 3 и член 81 од Законот за хартии од вредност („Службен весник на РМ“ број 95/05, 07/07, 57/10, 135/11, 13/13, 188/13, 43/14, 15/15, 154/15, 192/15, 23/16, 83/18, 83/18, 31/20, 288/21, 53/24 и 3/25) и член 21 став 1 точка 25 од Статутот на ОпштинаШтип („Службен гласник на Општина Штип“ број 01/03, 18/07, 11/08, 07/09, 16/09, 04/11 13/14 и 5/21), Советот на Општина Штип на седницата одржана на 04 јули 2025 година, донесе

ОДЛУКА
ЗА КУПУВАЊЕ НА 51% АКЦИИ ВО ДРУШТВОТО ЗА СПОРТСКИ
ДЕЈНОСТИ ФУДБАЛСКИ КЛУБ „БРЕГАЛНИЦА 2008“ АД-ШТИП

Член 1

Се одобрува купување на 51% од вкупно 250 акции во Друштвото за спортски дејности Фудбалски Клуб „Брегалница 2008“ АД-Штип, кои во моментот се во сопственост на Кирил Гогов, под услови утврдени со оваа одлука.

Член 2

Општина Штип ќе ги откупи наведените 51%, или 128 акции по пазарна цена, во износ од 1.172 евра (илјада сто седумдесет и две) по акција, односно вкупно 150.016 евра, во денарска противвредност.

Член 3

Преносот на сопственоста ќе се изврши преку Македонска берза или во форма на директен пренос, во согласност со Законот за хартии од вредност и со согласност од Комисијата за хартии од вредност, доколку е потребно.

Член 4

Трошоците поврзани со трансакцијата (брокер, берза, нотар, даноци, такси) ќе бидат на товар на продавачот, освен ако не се договори поинаку со посебен договор.

Член 5

Се овластува Градоначалникот на Општина Штип да ги преземе сите потребни активности за реализација на оваа одлука, вклучително и потпишување на договор за купопродажба и други поврзани документи.

Член 6

Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Штип“.

Број 08 – 5011 /1
04 јули 2025 година

Ш т и п

Совет на Општина Штип
Претседавач

Атанас Крстовски, с.р.

523.

Врз основа на член 50 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ број 05/02) и член 37 став 1 од Статутот на Општина Штип („Службен гласник на Општина Штип“ број 01/03, 18/07, 11/08, 07/09, 16/09, 04/11, 13/14 и 5/21), донесувам

Р Е Ш Е Н И Е
ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА ОДЛУКА ЗА ОТПОЧНУВАЊЕ ПОСТАПКА
ЗА ПРОДАЖБА НА ДЕЛ ОД АКЦИИТЕ ВО СОПСТВЕНОСТ НА
ОПШТИНА ШТИП ВО ДРУШТВОТО ЗА СПОРТСКИ ДЕЈНОСТИ
ФУДБАЛСКИ КЛУБ „БРЕГАЛНИЦА 2008“ АД-ШТИП

I

Се објавува Одлука за отпочнување постапка за продажба на Дел од акциите во сопственост на општина Штип во друштвото за спортски дејности Фудбалски клуб „Брегалница 2008“ АД-Штип.

II

Ова Решение влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Штип“.

Број 09- 5012/2
04 јули 2025 година

Ш т и п

Општина Штип
Градоначалник

Иван Јорданов, с.р.

524.

Врз основа на член 36 став 1 точка 10, а во врска со член 64 и 66 од Законот за локална самоуправа („Службенвесникна РМ“ број 05/02), член 3 и член 81 од Законот за хартии од вредност („Службен весник на РМ“ број 95/05, 07/07, 57/10, 135/11, 13/13, 188/13, 43/14, 15/15, 154/15, 192/15, 23/16, 83/18, 83/18, 31/20, 288/21, 53/24 и 3/25) и член 21 став 1 точка 25 од Статутот на Општина Штип („Службен гласник на Општина Штип“ број 01/03, 18/07, 11/08, 07/09, 16/09, 04/11, 13/14 и 5/21), Советот на Општина Штип на седницата одржана на 04 јули 2025 година, донесе

О Д Л У К А
ЗА ОТПОЧНУВАЊЕ ПОСТАПКА ЗА ПРОДАЖБА НА
ДЕЛОД АКЦИИТЕ ВО СОПСТВЕНОСТ НА ОПШТИНА ШТИП
ВО ДРУШТВОТО ЗА СПОРТСКИ ДЕЈНОСТИ
ФУДБАЛСКИ КЛУБ „БРЕГАЛНИЦА 2008“ АД-ШТИП

Член 1

Со оваа Одлука се утврдува продажба на 85% (осумдесет и пет проценти) од вкупните акции во сопственост на Општина Штип во Друштвото за спортски дејности Фудбалски клуб „Брегалница 2008“ АД-Штип.

Продажбата ќе се изврши преку постапка, согласно Законот за хартии од вредност.

Член 2

Цената на акциите сопственост на Општина Штип ќе се утврди во постапка согласно Законот за хартии од вредност.

Член 3

Продажбата на акции ќе се изврши директно на Берзата согласно Законот за хартии од вредност.

Член 4

Општина Штип ги продава акциите во Друштвото за спортски дејности Фудбалски клуб „Брегалница 2008“ АД-Штип под следните услови:

1. Во официјалното име на клубот задолжително да се содржи именката „Брегалница“, без можност за преместување на седиштето во друга општина/држава;
2. Општина Штип обврзува ФК „Брегалница“ да се натпреварува во прва, односно втора фудбалска лига.
3. Сите трошоци за нормално функционирање на клубот се на товар на купувачот на пакетот акции;
4. Доколку клубот испадне во понизок ранг на натпреварување од втора лига, Општина Штипќе ги одземе акциите на купувачот на пакетот акциии да ги стави на повторна продажба;
5. Градоначалникот на Општина Штип ќе делегира свој претставник во органите на управување на клубот, кој до Советот на Општина Штипима обврска да поднесува извештај за тековното работење на клубот најмалку еднаш годишно;
6. Тековното одржување на Градскиот стадион со придружните простории и стадионите Суитлак и Бело Брдо со придружните простории, како и сметките за потрошена електрична енергија и вода ќе бидат на товар на купувачот на пакетот акции. Контролата за плаќање на овие трошоци, Општина Штип ќе ја врши преку свој номиниран претставник од страна на Градоначалникот во органите на управување на клубот;
7. Одржувањето на натпреварите, трошоците за работа и функционирање на клубот, одржувањето на спортската инфраструктура и потрошена електрична енергија за целокупната инфраструктура на Градскиот стадион, стадионите Суитлак и Бело Брдо се обврска на купувачот на пакетот акции;
8. За купени акции над 51%, Општина Штип нема да се меша во дејноста фудбал (избор на играчи и тренери), тоа ќе биде исклучиво право на заинтересираниот купувач на акции;

9. Купувачот на пакетот акции има обврска да го преземе клубот заедно со сите младински категории;
10. Првенство на користење на Градскиот стадион има Фудбалска Федерација на Македонија, согласно веќе склучениот договор помеѓу Општина Штип и Фудбалска Федерација на Македонија;
11. Користењето и одржувањето на Градскиот стадион со придружните простории надвор од обврските од точка 11 на овој член е обврска на купувачот на пакетот акции без месечен надоместок кон Општина Штип;
12. Користењето и одржувањето на стадионите Суитлак и Бело Брдо со придружните простории е обврска на купувачот на пакетот акции без месечен надоместок кон Општина Штип;
13. Купувачот на акциите има обврска да овозможи Општина Штип да организира сопствени и друг вид на активности на Градскиот стадион со придружните простории, стадионите Суитлак и Бело Брдо со придружните простории, по претходно поднесено известување до купувачот на пакетот акции;
14. Купувачот на пакетот акции има обврска да инвестира во развојот на спортската инфраструктура во Општина Штип, која е составен дел на оваа Одлука;
15. Доколку Општина Штип утврди потреба од изградба, реконструкција, надградба и слични инфраструктирни зафати на спортските терени кои се споменати во оваа одлука, Општина Штип за својата намера ќе го извести мнозинскиот акционер;
16. Сите обврски на клубот на правени пред преземање на клубот од страна на купувачот на пакетот акции, се обврска на мнозинскиот акционер;
17. До конечна реализација на продажба на пакетот акции сопственост на Општина Штип и претходниот сопственик, доколку евентуално има заостанати обврски, Општина Штип ќе ги исплати сите финансиски средства кои со Одлуката за отпочнување постапка за продажба на дел од акциите во сопственост на Општина Штип во Друштвото за спортски дејности Фудбалски клуб „Брегалница 2008“ АД-Штип со број 08-3189/1 од 13 јуни 2019 година и Одлуката за давање согласностза склучување на Договор за регулирање на меѓусебните односи помеѓу акционерите во Друштвото за спортски дејности Фудбалски клуб „Брегалница 2008“ АД Штип со број 08-5039/1 од 27 септември 2019 година се предвидени да се исплаќаат на актуелниот мнозински акционер за тековната година;
18. Доколку Општина Штип одлучи да продава и други делови од својот пакет акции во клубот, прво ќе ги понуди на сопственикот на мнозинскиот пакет акции во клубот;

19. Доколку купувачот на пакетот акции сака да се повлече од клубот, е должен пакетот акции прво да ги понуди на Општина Штип. Во ваков случај, сопственикот на мнозинскиот пакет акции во клубот е должен да го предаде клубот на Општина Штип без долгови;
20. Доколку Општина Штип не го искористи правото на откуп во рок од 30 дена од денот на писменото известување, сопственикот има право самостојно да ги продаде на Берза;
21. Во период од 10 (десет) години од склучување на договорот, без писмена согласност од Општина Штип, сопственикот не смее да пренесе акции на трети лица.
22. Трошоците кои ќе произлезат од постапката за продажба на клубот (брокер, берза, нотар и друго) ќе бидат на товар на купувачот на пакетот акции.

Член 5

Се овластува Градоначалникот на Општина Штип да ги преземе сите потребни дејствија за спроведување на оваа одлука, вклучително и спроведување на јавната постапка и склучување на договор со избраниот купувач.

Општина Штип има обврска да обезбеди внесување на промените во Централниот регистар и Комисијата за хартии од вредност.

Член 6

Со донесување на оваа Одлука, престануваат да важат Одлуката за отпочнување постапка за продажба на дел од акциите во сопственост на Општина Штип во Друштвото за спортски дејности Фудбалски клуб „Брегалница 2008“ АД-Штип со број 08-3189/1 од 13 јуни 2019 година и Одлуката за давање согласност за склучување на Договор за регулирање на меѓусебните односи помеѓу акционерите во Друштвото за спортски дејности Фудбалски клуб „Брегалница 2008“ АД Штип со број 08-5039/1 од 27 септември 2019 година.

Член 7

Оваа Одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Штип“.

Број 08 – 5012 /1
04 јули 2025 година

Ш т и п

Совет на Општина Штип
Претседавач

Атанас Крстовски, с.р.

525.

Врз основа на член 50 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ број 05/02) и член 37 став 1 од Статутот на Општина Штип („Службен гласник на Општина Штип“ број 01/03, 18/07, 11/08, 07/09, 16/09, 04/11, 13/14 и 5/21), донесувам

Р Е Ш Е Н И Е
ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА ОДЛУКА ЗА ПРОДАЖБА НА ДЕЛ ОД
АКЦИИТЕ ВО СОПСТВЕНОСТ НА ОПШТИНА ШТИП ВО ДРУШТВОТО
ЗА СПОРТСКИ ДЕЈНОСТИ ФУДБАЛСКИ КЛУБ „БРЕГАЛНИЦА 2008“ АД-ШТИП

I

Се објавува Одлука за продажба на дел од акциите во сопственост на Општина Штип во друштвото за спортски дејности фудбалски клуб „Брегалница 2008“ АД-Штип.

II

Ова Решение влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Штип“.

Број 09- 5013/2 Општина Штип
04 јули 2025 година Градоначалник

Ш т и п Иван Јорданов, с.р.

526.

Врз основа на член 36 став 1 точка 10, а во врска со член 64 и 66 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ број 05/02), член 3 и член 81 од Законот за хартии од вредност („Службен весник на РМ“ број 95/05, 07/07, 57/10, 135/11, 13/13, 188/13, 43/14, 15/15, 154/15, 192/15, 23/16, 83/18, 83/18, 31/20, 288/21, 53/24 и 3/25) и член 21 став 1 точка 25 од Статутот на Општина Штип („Службен гласник на Општина Штип“ број 01/03, 18/07, 11/08, 07/09, 16/09, 04/11 13/14 I 5/21), Советот на Општина Штип на седницата одржана на 04 јули 2025 година, донесе

ОДЛУКА
ЗА ПРОДАЖБА НА ДЕЛ ОД АКЦИИТЕ ВО СОПСТВЕНОСТ НА
ОПШТИНА ШТИП ВО ДРУШТВОТО ЗА СПОРТСКИ ДЕЈНОСТИ
ФУДБАЛСКИ КЛУБ „БРЕГАЛНИЦА 2008“ АД-ШТИП

Член 1

Со оваа Одлука се утврдува продажба на 85% (во пакет) од вкупно 250 акции во сопственост на Општина Штип во Друштвото за спортски дејности Фудбалски клуб „Брегалница 2008“ АД-Штип.

Продажбата на акциите ќе се изврши на Берзата согласно Законот за хартии од вредност.

Член 2

Цената на акциите сопственост на Општина Штип изнесува 1.409 евра (илјада четиристотини и девет) по акција, во денарска противвредност.

Член 3

Се овластува Градоначалникот на Општина Штип да ги преземе сите потребни дејствија за продажба на акциите согласно Законот за хартии од вредност.

Член 4

Трошоците кои ќе произлезат од постапката за продажба на клубот (брокер, берза, нотар и друго) се на товар на купувачот на пакетот акции.

Член 5

Со влегување во сила на оваа Одлука престанува да важи Одлуката за продажба на дел од акциите во сопственост на Општина Штип во Друштвото за спортски дејности Фудбалски клуб „Брегалница 2008“ АД-Штип број 08-3188/1 од 13 јуни 2019 година објавена во „Службен гласник на Општина Штип“ број 06/19.

Член 6

Оваа Одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Штип“.

Број 08 – 5013/1
04 јули 2025 година

Ш т и п

Совет на Општина Штип
Претседавач

Атанас Крстовски, с.р.